Macedonian - Утеха Писмата - Comfort Scriptures

2 Коринтјани 1:2-4 Благодат вам и мир од Бога, нашиот Татко, и од Господа Исуса Христа! 3 Благословен Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос, Татко на милосрдноста и Бог на секоја утеха, 4 Кој нѐ утешува во секоја наша неволја, за да можеме и ние да ги утешуваме оние, кои се наоѓаат во каква и да е неволја, со утехата со која Бог нѐ утешува нас самите.

Пословици 15:13 Веселото срце го разведрува лицето, а болката во срцето тешкотија е за духот.

1 Цареви 8:66 Потоа на осмиот ден ги отпушти луѓето; тие го благословуваа царот и си одеа во своите куќи, весели и со задоволни срца заради сето добро што Господ му го направи на Својот слуга Давид и на Својот народ Израел.

1 Летописи 16:10 Фалете се со Неговото свето Име, нека се радува срцето на оние што Го бараат Господа!

Пословици 12:25 Грижата во срцето го притиска човекот, а добриот збор го весели.

Пословици 13:12 Одложуваната надеж го изнемоштува срцето, а исполнетата желба е дрво на животот.

Исаија 30:26 Тогаш светлината на месечината ќе биде како сончевата светлина, а сончевата светлина ќе стане седумпати посилна, како светлината на седум денови - во денот кога Господ ќе го излечи скршеното, кога ќе ги излечи раните од Своите удари.

Осија 13:8 како мечка на која и ги грабнаа мечињата, Јас ќе се фрлам на нив, ќе им ги раскинам градите до срцето; како лав ќе го изедам нивното месо, полските sверови ќе ги растргаат.

1 Самуил 1:8,10 Тогаш и рече Елкан, нејзиниот маж: „Зошто плачеш Ана? И зошто не јадеш? Зошто ти е тажно срцето? Не сум ли ти јас повреден од десет синови?” 10 И јадосана во душата Ана Му се помоли на Господа, плачејќи горко.

Псалми 25:16,17 Погледај ме и смилувај ми се, зашто сум осамен и натажен. 17 Тагите ма моето срце, се умножени, избави ме од моите јадови!

Псалми 34:18 Господ е близу до оние што се со скрушени срца, и ги спасува оние, што се со покајнички дух.

Псалми 38:8 Исцрпен сум и сосем сотрен, офкам од плачот на моето срце.

Псалми 55:4 Срцето ми трепери и смртен страв ме опфати.

Псалми 61:2,3 Од крајот на земјата, викам кон Тебе; зашто моето срце

ми премира: ќе ме кренеш врз карпата која е повисоко од мене. 3 Зашто Ти си ми прибежиште, цврста тврдина против непријателите.
Псалми 62:8 Надевај се на Него, народе, во секое време, излевајте ги срцата пред Него: Бог е наше засолниште!
Псалми 73:26 Премалени ми се телото и срцето: Стено на моето срце, и мое наследство, о Боже, довека!
Псалми 77:2,3 Во ден на неволја Го барам Господа, ноќе, мојата рака се испружува неуморно, мојата душа не сака да се утеши. 3 Си спомнувам за Бога и воздивнувам; кога размислувам ми го снемува здивот.
Псалми 86:11 Научи ме на Својот пат, Господи, за да одам верен кон Тебе, обедини го моето срце, да се бои од Твоето име!
Псалми 109:22 Зашто сум беден и сиромашен, и моето срце е рането во мене.
Псалми 112:7,8 Не ќе се плаши од лоши вести, мирно е неговото срце, надевајќи се на Господа. 8 Неговото срце е храбро, од ништо не се бои, тој го гледа паѓањето на своите непријатели.
Псалми 143:4 Мојот дух веќе примира во мене, моето срце трпне во градите.
Псалми 147:3 Тој ги исцелува оние што се со скршено срце и ги преврзува нивните рани.
Пословици 14:30 Тивкото срце е живот на телото, а љубомората е гнилеж во коските.
Проповедник 1:13 И го насочив срцето за да истражам и да доловам со мудроста сè што се збиднува под небото; о, колку тешка задача им зададе Бог на човечките синови, за да се трудат со неа.
Проповедник 2:10 И што да ми посакаа очите, не им скратував, ниту му бранев на моето срце некаква веселба, туку моето срце му се радуваше на секој мој труд, и таква му беше наградата на секој мој напор.
Проповедник 2:22,23 Зашто што добива човекот за својот напор и труд што ги поднесува под сонцето? 23 Зашто сите негови денови се макотрпни, работите му се полни со грижи; па ни ноќе не мирува неговото срце. И тоа е суета.
Проповедник 11:10 Затоа, отстрани ја лутината од своето срце и отстрани го лукавството од своето тело. Но детството и младоста се суета.
Исаија 30:29 Тогаш песната ќе ви биде како во празничните ноќи, кога срцата се веселат како во оној кој покрај звуците на кавалот се искачува со чест на Господовата Гора, кон Израелевата Стена.
Исаија 57:15 Зашто вака зборува Вишниот и Возвишениот, Кој вечно живее, и Името Му е Светиот: „Престолувам во високо и свето место,

но Јас Сум и со угнетуваните и со понижуваните, за да го оживеам духот на смирените, за да го оживеам срцето на скрушените.

Исаија 65:14 Еве, Моите слуги ќе се радуваат, од среќа во срцето, а вие ќе викате од болка во срцето, и ќе пиштите со скрушен дух.

Исаија 66:13,14 Како што мајката го теши синот, така и Јас ќе ве утешам - ќе се утешите во Ерусалим." 14 Кога ќе го видите тоа, срцето ќе ви се радува, и ќе ви процветаат коските како млада трева. Ќе се појави Господовата рака на Неговите слуги и гневот над неговите непријатели.

Еремија 15:16 Кога ми дојдоа Твоите зборови, јас ги голтав: Твоите зборови го восхитија и го зарадуваа моето срце. Зашто се викав со Твоето Име, о Господи, Боже над Воинствата.

Еремија 24:7 И ќе им дадам срце за да Ме познаат дека Јас Сум Господ, за да бидат Мој народ, а Јас нивни Бог, зашто тие пак ќе се обратат кон Мене со сето свое срце.

Јован 14:1 „Да не се вознемирува вашето срце; вие верувате во Бога, верувајте и во Мене!

Јован 14:27 Ви оставам мир, ви го давам Мојот мир. Не ви го давам како што го дава светот. Нека не се вознемирува вашето срце и нека не се бои.

Јован 16:6 Туку, вашето срце се наполни со тага, зашто ви го кажав тоа.

Јован 16:22 Така и вие сега сте нажалени; но пак ќе ве видам, па ќе се зарадува вашето срце, и таа ваша радост никој не ќе може да ви ја одземе.

Дела 2:46 И секој ден беа постојано и еднодушно во Храмот; раскршуваа леб по домовите и примаа храна со радост и просто срце,

Римјаните 9:2 дека ми е многу жал и дека срцето ме боли непрестано.

2 Коринтјани 2:4 Зашто, ви пишував во голема тага и при тешкотија на срцето, и со многу солзи, не за да ве ожалостам, туку за да ја запознаете големата љубов, што ја имам кон вас.

Ефесјани 5:19 Зборувајте си еден на другиот со псалми, и химни, и со духовни песни! Пејте Му на Господа и воспевајте Го во вашите срца!

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org